Врз основа на член 8 став (2) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО КАКО И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДАТА ЗА ДАНОЧЕН РЕЗИДЕНТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(Службен весник на РСМ бр.89/19)

**Член 1**

Со овој правилник, се пропишува формата и содржината на барањето како и начинот на издавање на потврдата за даночен резидент на Република Северна Македонија.

**Член 2**

(1) Барањето за издавање на потврда за даночен резидент, физичкото лице го поднесувана образец – „Барање за издавање на потврда за даночен резидент - Б/ПДР“, во формат А-4 на хартија во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член, се поднесува до надлежната организациска единица на Управата за јавни приходи според местото на живеалиште односно престојувалиште на резидентот.

**Член 3**

(1) Потврда за даночен резидент се издава врз основа на поднесеното барање “Б/ПДР“, а на барање на подносителот се заверува и образец издаден од странската даночна управа на државата со која Република Северна Македонија има склучено договор за одбегнување на двојното оданочување, со што се потврдува дека подносителот е даночен резидент.
(2) Подносителот на барањето “Б/ПДР“ кој е домашно физичко лице, во прилог на барањето доставува копија од лична карта или пасош и доказ за платена административна такса.
(3) Подносителот на барањето “Б/ПДР“ кој е странско физичко лице, во прилог на барањето доставува копија од важечка патна исправа; копија од дозвола за престој; копија од потврда за пријава-одјава на живеалиште/престојувалиште на странецот; доказ за платена административна такса како и други документи потребни за докажување на статусот на даночен резидент.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето како и начинот на издавање на потврдата за даноченрезидент на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/14).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 20-3734/1
23 април 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р